Во рамките на реализацијата на проектот „Енергетска ефикасност во прекугранична област како индикативен фактор за политиката за животна средина“ со акроним ЕНПОЛ-ЕЕ од страна на „Корпорацијата за јавна корист на културата и развојот на општина Пела“ беше организирана дводневна тркалезна маса за политиката за животна средина за двете земји учеснички Р.Грција и Р.С.Македонија. Тркалезната маса се одржа во Центарот за култура во Јаниница-Р.Грција на која преку видео-врска учество зедоа претставници од локалната власт, надворешни експертиза енергетска ефикасност со презентации за „Политиките за енергетска ефикасност во Р.С.Македонија“ и „Стратегијата за енргетска ефикасност на општина Неготино“, претставници од општина Неготино, како и претставници од СОУ„Св.Кирил и Методиј“ од нашиот град.






